**20222693996**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 148 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА, ОБРАЗЕЦОТ ЗА БОДОВНА СКАЛА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ОД ОПШТИНИТЕ

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови за доделување на средства, образецот за бодовна скала и начинот на обезбедување на социјални услуги од општините („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/22), членот 4 се менува и гласи:

„Кон пријавата од општината, доколку социјалната услуга се реализира преку остварена соработка на општината со лиценциран давател на социјални услуги, кон пријавата, покрај потребните документи наведени во јавниот повик од член 3 став 1 од овој правилник, за лиценцираниот давател на услугата се доставуваат и:

1) договор за соработка со лиценциран давател;

2) програма за давање на социјалната услуга и детален опис на активностите со конкретен работен план за имплементација и период на реализација на програмата за давање на социјалната услуга за која се бара доделување на средства, полн назив и адреса на субјектот кој ја реализира програмата за давање на социјалната услуга;

3) годишен извештај за работа за претходната година на лиценцираниот давател на социјални услуги;

4) уверение за платени даноци издадено од даночните органи на лиценцираниот давател на социјални услуги не постаро од шест месеци;

5) контакт податоци за одговорното лице/координатор за реализација на програмата за давање на социјална услуга (име, презиме, е-маил адреса и телефонски број);

6) листа на стручниот и друг кадар и биографија за секое лице кое ќе биде ангажирано за давање на социјалната услуга;

7) изјава од лиценцираниот давател на социјални услуги заверена на нотар дека нема добиено средства од друг државен орган или единица на локалната самоуправа за истите активности за давање на услугата, и

8) решение за давање на дозвола за вршење работа во социјалната заштита.

Лиценцираниот давател на услуги кој добил дозвола за работа во тековната година во која се објавува јавниот повик, не ги доставува документите од став 1 точките 3) и 4) на овој член.

Документите од став 1 точките 4) и 8) на овој член, се приложуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.“

Член 2

Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-8088/2
12 декември 2022 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Јованка Тренчевска,** с.р.

---

**Прилог**

БОДОВНА СКАЛА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ОД ОПШТИНИТЕ

**За подносителот на пријавата ___________________________________________**
**по јавниот повик за обезбедување социјални услуги _____________________**
**_______________________________________________________________________**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.** | **ПОТРЕБА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА УСЛУГА СОГЛАСНО УТВРДЕНИТЕ СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ВО ОПШТИНАТА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| | | 0-10 | |
| **ВКУПНО** | | **10 поени** | |
| **2.** | **ОСТВАРЕНА СОРАБОТКА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГАТА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| **2.1.** | Соработка со лиценцирани даватели на социјални услуги | 0 – 20 | |
| **2.2.** | Партнерска соработка во давањето на социјална услуга | 0 – 5 | |
| **2.3.** | Меѓуресорска соработка во давањето на социјална услуга | 0-5 | |
| **ВКУПНО** | | **30 поени** | |
| **3.** | **ОСТВАРЕНА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| **3.1.** | Меѓуопштинска соработка во давањето на социјална услуга | 0 - 5 | |
| **3.2.** | Давање на услугата во рурални средини | 0 - 5 | |
| **ВКУПНО** | | **10 поени** | |
| **4.** | **КАПАЦИТЕТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСЛУГАТА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| **4.1.** | Стручни и други кадри за давање на услугата со јасно дефинирани активности, задачи, одговорности и права. | 0 - 15 | |
| **4.2.** | Поврзаност на активностите со очекуваните резултати | 0-15 | |
| **ВКУПНО** | | **30 поени** | |
| **5** | **ОБЕЗБЕДЕНО КОФИНАНСИРАЊЕ** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| **5.1.** | Обезбедена поддршка од општината за простор и опрема (тековно одржување и амортизација) | 0 – 15 | |
| **5.2.** | Финансирање на услугата | 0 – 5 | |
| **ВКУПНО** | | **20 поени** | |
| **МАКСИМУМ ПОЕНИ** | | **100 поени** | |

Датум на пополнување на образецот

___________________, Скопје

**Членови на Комисијата**

1. ____________________________________
(име и презиме и потпис)
2. ____________________________________
(име и презиме и потпис)
3. ____________________________________
(име и презиме и потпис)
4. ____________________________________
(име и презиме и потпис)
5. ____________________________________
(име и презиме и потпис)